ЗИМА 2009 МАКЕДОНИЈА

# THE BULLETIN

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE

**Билтен на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија**

Во септември 2009г. Канцеларијата на РЕЦ во Македонија започна со реализација на проектот “Зелен пакет јуниор” чија основна цел е подигнување на свеста за одржлив развој во училиштата во Македонија. Вкупната вредност на проектот изнесува 530.000 ЕУР. Најголемиот дел од средствата се обезбедени од страна на Австриската Влада преку координативната канцеларија за техничка соработка при Австриската Амбасада во Скопје, 450.000 ЕУР а останатите 80.000 ЕУР се обезбедени од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за образование и наука.

Целта на Зелениот пакет јуниор е да придонесе кон подобар квалитет на животната средина во Македонија, преку поттикнување на личната одговорност на граѓаните за подобрување на сопствениот однос и поголема грижа за животната средина. Зелениот пакет јуниор, слично на неговиот претходник, ќе осмисли активни методи и алатки за едукација на најмладите ученици (на возраст од 6-10 години), нивните наставници и родители.



*Потпишување на договорот за соработка*



*Потпишување на договорот за соработка*

Во октомври 2009г. поширока работна група составена од наставници, едукатори, советници од Бирото за развој на образованието на Р. Македонија започна со работа на текстовите од Прирачникот за наставници. Зелениот пакет јуниор како и Зелениот пакет ќе се адаптира и за потребите на децата со оштетен вид па во активностите на проектот уште од самиот почеток учествуваат и претставници од Училиштето за деца и младинци со оштетен вид Димитар Влахов од Скопје.

Пакетот ќе биде дистрибуиран до сите училишта без надоместоци, ќе се користи за едукација на околу 100.000 ученици и ќе се обезбеди обука за минимум 500 наставници. Истиот ќе се изработи во 1.800 примероци на Македонски и на Албански јазик.

**SECTOR ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИ ЗДРУЖЕНИЈА** стр. 2

**ЛОКАЛНИ АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - КОМПОНЕНТА II** стр. 4

**СОВЕТОДАВНА ГРУПА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И МОНИТОРИНГ ЗА СКОПСКАТА ОБИКОЛНИЦА (ЕМАГ)** стр. 6

# SECTOR ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИ ЗДРУЖЕНИЈА

Во периодот до декември 2009 год. Граѓанските здруженија - корисници на SECTOR Програмата - проект за поддршка на граѓански здруженија кои делуваат во полето на животната средина, од III-от круг национални грантови, како и оние кои беа финансирани во рамки на Компонентата - Организациска способност, доставуваа завршни извештаи (описни и финансиски). Со доставата на Завршните извештаи, Граѓанските здруженија ја исполнија својата обврска за спроведување на активностите опишани во предлог проектите согласно договорот за нивно спроведување и во рамки на одобрениот буџет.

Во периодот од октомври - декември 2009 год. во рамки на III-от круг национални грантови беа затворени следните проекти:

- Со велосипед е во ред! А, каде да паркирам? - ГЗ "Коалиција за одржлив развој (КОР)", Скопје
- Одржливо управување со отпад во општина Ѓорче Петров - ГЗ "Граѓански еколошки форум", Скопје
- Соларно готвење - ГЗ "ЕКОВИТА", Неготино

Во рамки на Компонентата - Организациска способност, дури 4, од вкупно 5-те граѓански здруженија - кориснички на оваа финансиска поддршка, ја комплетираа работата во врска со зајакнувањето на сопствените капацитети и изработката на развојниот план на организацијата:

- Македонско еколошко друштво (МЕД), Скопје
- Здружение на граѓани "Хоризонти", Злетово
- Организација на жените на општина Свети Николе, од Свети Николе
- Регионален центар за застапување, Делчево

Во месеците ноември/декември 2009 год. со задоцнување од речиси 6 месеци беа затворени и два проекти од II-от круг национални грантови, кои поради технички проблеми околу постапката за спроведување, го одолжија процесот за конечно затворање. Станува збор за следните проекти:

- И ние Ромите сакаме здрава животна средина - Здружение на граѓани Роми - АВЕНА, Кочани
- Осогово чисто! - Граѓански комитет за развој, Пробиштип.

**Издава:**
Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа Канцеларија во Македонија
**Одговорно Лице:**
Катарина Стојковска
**Техничка подготовка:**
Дејан Ковачевиќ
**Лектура:** Марина Орцанова

**Адреса на главната Канцеларија во Сентендре:**

The Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut. 9-11
2000 Szententre Hungary
Tel. +36 26 504 000;Fax. +36 36 311 294 e-mail: info@rec.org
http://www.rec.org

**Адреса на Канцеларијата во Македонија:**
Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа Канцеларија во Македонија
ул. Илинденска бр. 118
1000 Скопје
Тел: 02 3090 135, 3090 136
Факс: 02 3088 193
e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

## БИОДИВЕРЗИТЕТ И ЕКОСИСТЕМИ ВО ЛОКАЛНИОТ ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Главната Канцеларија на Регионалниот центар за заштита на животната средина, Канцеларија во Будимпешта, во партнерство со Европскиот центар за заштита на природата (ECNC, Холандија) започна со спроведување на регионалниот проект Биодиверзитет и екосистеми во локалниот одржлив развој во земјите од Југо-источна Европа.

Проектот е фокусиран на малите општини во Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора, Србија и Косово (УНСЦР 1244) и има за цел да помогне во намалувањето на зачестената појава на сиромаштијата, загубите во биодиверзитетот и деградација на животната средина, преку зголемување на локалното учеството и свеста на единиците на локалната самоуправата и нивните граѓани.

Во секоја од земјите во кои што се спроведува проектот избрани се по две општини согласно одредени критериуми за зачувување на биодиверзитетот. Партнер општините во овој проект се очекува да понудат помош во развојот и спроведувањето на Локални акциони планови за биодиверзитет (ЛАПБ) преку вклучување на локалните чинители во заедницата, обезбедувајќи соодветни обуки, промовирање на социо-економски придобивки од биодиверзитетот преку спроведување на практични акции на локално ниво. Маврово и Ростуша и Гостивар се двете општини од Македонија што учествуваат во проектот.

Во рамките на проектот од 28 до 30 октомври 2009г. во хотел Дрим во Струга се организираше почетна регионална работилница на која учествуваа претставници од сите општини од Македонија, Албанија и Косово (УНСЦР 1244). Специфичната цел на оваа работилница беше да се подигне знаењето во врска со можностите за одржлив економски развој преку постигнување придобивки за биодиверзитетот и екосистемите, како и да се подигне интересот, јавната свест и капацитетите во поглед на биодиверзитетот и одржливиот развој.

Понатаму во рамките на проектот ќе се изработи и Прирачник за Локално акционо планирање за биодиверзитетот во Југоисточна Европа кој ќе биде достапен и на веб страната на РЕЦ.

Средствата за проектот се обезбедени преку Министерството за надворешни работи на Финска.

## ЛОКАЛНИ АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - КОМПОНЕНТА I

Во периодот од 1-ви јули до 31 декември 2009 год. во рамки на Компонентата I од проектот “Локални планови за животна средина (ЛЕАПи) за подобрување на одржливоста во земјите на Југоисточна Европа”, која што се однесува на развивање (подготовка) на Локални акциони планови за животна средина за секоја од општините - кориснички на ЛЕАП проектот, се реализираа следните активности:
- Беше изработен План за набљудување и оценување на напредокот во спроведувањето на ЛЕАП. Така, за секој од идентификуваните проблеми со животната средина, во интерес на нивно решавање, беа утврдени: мерки, акции, очекувани резултати, показатели на успех (индикатори) и динамика во следење на индикаторите, по тематски области.
- Откако беше изработен Планот за набљудување и оценување, се пристапи кон целосно финализирање на ЛЕАП документот, што подразбираше комплетирање на сите негови поглавја идополнување со текстови кои што се однесуваат на: социо-економските карактерис-

тики на општината, опис на процесот на изработка на ЛЕАП документот, избор на соодветни прилози и фотографии и сл.
- Карактеристики на општината, опис на процесот на изработка на ЛЕАП документот, избор на соодветни прилози и фотографии и сл.
- Општините пристапија кон претставување на Акциониот план пред поширокта јавност, за што организираа Јавна расправа за собирање на мислења во врска со содржината на документот. Нацрт верзии од акционите планови беа достапни за граѓаните (локалната самоуправа, граѓанскиот сектор, бизнис заедницата и други заинтересирани страни), како во печатена форма во просториите на општините, така и во електронска верзија на нивните веб страни. На тој начин, заинтересираната јавност имаше можност, да се запознае со содржината на стратешкиот документ и временската рамка за негова реализација.
- Локалните акциони планови за животна средина беа усвоени од страна на Советите на општините - корисннички на ЛЕАП документот, како мошне значајни стратешки документи за општините.
- Се пристапи кон подготвување на англиски верзии од ЛЕАП докукментите, како и преводи на јазиците на малцинските групи кои живеат на територија на општините.
- Беше спроведена тендерска постапка за избор на најповолен понудувач за печатење на ЛЕАП документите.

Со реализацијата на сите гореспоменати активности беа исполнети задолженијата околу спроведувањето на Компонентата I од проектот "Локални планови за животна средина (ЛЕАПи) за подобрување на одржливоста во земјите на Југоисточна Европа", со што беа развиени ЛЕАП документите, за секоја од 6-те општини, корисннички на проектот.

## ЛОКАЛНИ АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - КОМПОНЕНТА II

Отпочнувањето на втората фаза (Компонента II) од спроведувањето на проектот: "Локални планови за животна средина (ЛЕАПи) за подобрување на одржливоста во земјите на Југоисточна Европа", беше најавена со реализацијата на III-от од циклусот семинари што треба да се остварат со цел негово успешно спроведување. Втората фаза на проектот подразбира потпишување на Договори за соработка во однос на имплементацијата на една акција од утврдените приоритети за унапредување на состојбите со животната средина, во секоја од општините - корисннички на ЛЕАП проектот.
III-от ЛЕАП семинар, што се одржа од 13 - 16 октомври 2009 год. имаше за цел да ги обучи претставниците од локалната самоуправа и дел од заинтересираните страни (бизнис заедницата и невладиниот сектор) на општините корисннички на проектот, во врска со начините за управување со проекти и проектен циклус, развивање на финансиски одржливи и од аспект на животна средина оправдани инвестициони проекти, а исто така учесниците на семинарот имаа можност да добијат информација во врска со најповолните извори на финансирање, кои поддржуваат локални проекти (проекти од помал обем), како и да се запознаат со начините за пристапување до расположливите извори на финансирање. Овој семинар всушност претставуваше и еден вид подготовка на проектните координатори во врска претстојните обврски за подготовка на предлог проекти за финансирање на еден од утврдените приоритети.
За успешна реализација на програмата на семинарт придонесоа и независните консултанти, ангажирани од страна на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија, за потребите на ЛЕАП проектот. Секако, семинарот се реализираше и со активно учество на оние, на кои истиот им беше наменет.

# СОВЕТОДАВНА ГРУПА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И МОНИТОРИНГ

На 3 јуни 2009 година во рамките на проектот: "**Советодавна Група за животна средина и мониторинг (ЕМАГ) за проектот "Скопска Обиколница Фаза 2**" беше одржан последниот состанок на групата со Мониторот за животна средина ангажиран од страна на EBRD г. Tim Van Epp.

По редовното усвојување на записниците од претходната мисија на ЕМАГ, присутните ја продолжија својата работа во врска со некои отворени прашања кои се однесуваат на исполнување на обврските и активностите за заштита на животната средина и спроведување на мерките за намалување на влијанието од обиколницата.

Претставникот од с.Кондово изјави дека очигледно е дека има сериозен проблем и во име на жителите на с.Кондово истакна дека веќе им станува јасно дека проблемот со одводнувањето нема да се реши, бидејќи одговорностите се префрлаат од една на друга институција. Очигледно е дека и проектантите и изведувачот погрешиле што не ја предвиделе количината на атмосферска вода. Сепак, позитивен резултат од овој процес е што барем постои интерес на групата да се решава проблемот.

Претставникот од с.Орман констатираше дека проблемот со вода и кал на локалниот пат не е решен. Се надева дека со присуството на претставник од „Македонијапат" ќе се исполни даденото ветување дека тие ќе го исчистат патот се додека не порасне тревата во околината која ќе спречува истекување на кал. Се разви кратка дискусија дека оваа задача не е обврска на инвеститорот; сепак „Македонијапат" ќе излезе во пресрет да го реши проблемот, дополнително што и општината немала можност да интервенира со чистење.

Претставникот од општината Ѓорче Петров изложи проблем на неколку домаќинства од с.Волково низ чиишто дворови во поголема количина истекува вода од испустот под вијадуктот над Волково, со барање да се направи опфаќање на овие води и нивно канализирање до реципиентот. Беше потсетено и на официјалното барање кое општината го доставила до Фондот уште на почетниот период од изградбата на заобиколницата.

Во однос на вегетацијата, таа е речиси целосно успешна. На некои делови од десната страна на автопатот има голи брда на кои немало можност да се изврши пошумување.

Од страна на присутните беше дискутирано дека ова е прекрасна делница, многу корисна, направен е голем чекор и успех во изградбата, но останува вториот чекор за успешно одржување. Со оглед на искуството на Македонијапат во одржување на мрежата на автопатишта, претставникот истакна дека не гледа проблеми за одржување на оваа делница, со само една забелешка дека за голем дел од опремата (сообраќајна сигнализација, еластична ограда, капаци на шахти итн.) веројатно ќе има и понатаму практика на одземање од страна на непознати сторители, дури и дека истото ќе се случува и со заштитните звучни ѕидови. За разлика од сообраќајните незгоди од чиишто оштетувања можат веднаш да се поправат штетите, за случаите на штети предизвикани од непознати сторители, треба многу подолго време да се решат и да се надоместат. Тој предложи до АДП дека е краен момент да се ангажира Агенција за обезбедување која ќе ги спречува ваквите проблеми.

Потоа беше направена кратка сесија на оценување на севкупната работа и постигнатите резултати на ЕМАГ со поставување на прашања до учесниците и нивно одговарање во писмена форма. Дел од одговорите т.е научени лекции беа:

- успешен пример за комуникација помеѓу локално население за решавање на одредени проблеми;
- учество на јавноста во процесот на донесување одлуки поврзани со животната средина
- отворени дискусии, активност од населението, добра организација
- одржливи решенија за долгорочно одржување на патишта и др.

Г. Van Epp на крајот им се заблагодари на сите учесници за севкупниот ангажман во изминатите четири години.

## ПРИРАЧНИК ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СЕКТОРОТ ОТПАД

Прирачникот „Забрзување на инвестициите во секторот на отпадот“ е изготвен во рамките на Програмата за приоритетни инвестиции во животната средина за Југоисточна Европа (PEIP). Една од главните цели на PEIP е да го олесни инвестирањето во клучни области од животната средина, како што се отпадот, водите и воздухот. Во основата на овој прирачник е цврстата убеденост на авторите дека одржливи еколошки инвестиции во секторот на отпадот се можни само доколку бидат реализирани од страна на силни, професионални и политички независни комунални претпријатија. Со ваквото видување се согласија земјите од Југоисточна Европа (ЈИЕ), а идејата за прирачникот беше одобрена на регионалната средба за PEIP одржана во црногорскиот град Будва во јуни 2008 година.




Прирачникот се заснова на претпоставката дека недостатоците во делот на стратегиското планирање и недоволниот капацитет на комуналните претпријатија се главните тесни грла за инвестициите во инфраструктурата за отпад, а не недостигот на финансиски средства. Посилните комунални претпријатија што функционираат во добро испланирани регионални системи се - и во иднина ќе бидат – способни да привлечат и во целост да искористат повеќе неповратни средства од ЕУ и од билатерални донатори, како и средства од меѓународни финансиски институции (ИФИ) и од други комерцијални банки.

## ПРИРАЧНИК ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СЕКТОРОТ ВОДА

Прирачник за реформа на водоводните претпријатија „Стратегии за реформи” слично како и прирачникот за отпад е изготвен во рамките на Програмата за приоритетни инвестиции во животната средина за Југоисточна Европа (PEIP).

Зголемениот капацитет на комуналните претпријатија за водоснабдување, непречените инвестиции во областите на водоснабдување и третман на отпадни води ќе ги приближи земјите кон состојба на усогласеност со законодавството за животна средина на ЕУ, особено со директивите на Европската комисија за третман на урбани отпадни води и за вода за пиење, кои се главни директиви кои бараат најголеми инвестиции. Се разбира, крајната цел и натаму останува обезбедувањето подобри услуги за граѓаните и дополнителни придобивки за животната средина и за здравјето на луѓето.



## СУБ-РЕГИОНАЛЕН ПРОЕКТ "КОН ЧИСТИ ГОРИВА И ВОЗИЛА"

Искуствата од Македонија поврзани со отстранувањето на оловниот бензин и подобрувањето на квалитетот на горивата воопшто, се споделуваат со земјите во регионот: Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија. За таа цел се воспоставија работни групи во овие земји кои ќе извршат анализа на следните области:



*Работилница одржана во Црна Гора*

- Статус на правната рамка со која се регулира квалитетот на горивата и мониторингот;
- Ресурсите и организационата поставеност за спроведување на мониторингот врз квалитетот на горивата;
- Технологијата на производство на горивата;
- Економичноста на потрошувачката на горива и намалување на емисиите на штетни материи од издувните гасови на возилата.

Работните групи веќе отпочнаа со анализите на постојната правна рамка во земјите. Од состаноците на работните групи се утврди следниот статус на легислативата за чисти горива:

- Во Босна и Херцеговина оловниот бензин е отстранет со стапувањето на сила на Законот за заштита на воздухот од 01.01.2010 год.
- Во Црна Гора усвоен е Закон за заштита на воздухот, со кој се дава правна основа за изработка на Уредба за квалитет на горивата. Се очекува до крајот на 2010 да се усвои Уредбата со која ќе се отстрани оловниот бензин;
- Во Србија рафинеријата не набавува оловен адитив и откако ќе ги потроши залихите ќе се создадат услови за отстранување на оловниот бензин. Се претпоставува дека во 2011г. во Србија оловниот бензин ќе биде отстранет. Од друга страна, Министерството за енергетика и рударство, со договорот за приватизација е обврзано да почека со измената на правилникот за квалитет на горивата додека рафинеријата не е подготвена со својот производен програм да ги исполнува новите стандарди. Работната група во Србија ќе има улога да ги координира овие активности и да го забрза процесот на изработка на соодветниот правилник со цел отстранувањето на оловниот бензин да се усогласи, како во смисла на производството, така и во поглед на регулативата.



*Работилница одржана во Црна Гора*

Органите во состав на Владите на овие земји добро соработуваат со Канцеларијата на РЕЦ во Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија. Се очекува дека преку активностите на работните групи ќе се создадат платформи за неформална размена на информации, со цел посоодветна координација помеѓу надлежните органи и побрза реакција на промените што се случуваат во приватниот сектор, а кои се поврзани со подобрувањето на технологијата во рафинериите, либерализацијата на пазарот на нафтени деривати и обновувањето на возниот парк во земјите.

Во периодот јуни/јули 2010 ќе се одржи суб-регионален состанок (работилница) на која работните групи ќе се сретнат и ќе разговараат за проблемите и начините за нивно решавање.

# Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

## Претставување

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) е независна, неполитичка и непрофитабилна организација. РЕЦ беше основан во 1990 година од страна на Унгарија, Соединетите Американски Држави и Комисијата на Европската Заедница. Потоа, уште дваесет и три други држави им се придружија на овие спонзори на фондацијата.

Мисијата на РЕЦ е да ја помага соработката помеѓу различните еколошки групи и интереси во Централна и Источна Европа; да го унапредува развојот на граѓанското општество. Кориснички земји се: Албанија, Бугарија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија, Хрватска, Летонија, Естонија, Литванија, Чешка, Турција, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Покрај националните канцеларии во овие земји, РЕЦ има и две обласни канцеларии, во Бања Лука и Приштина. РЕЦ првенствено ги поддржува невладините организации (НВОи) кои работат на заштитата на животната средина, но исто така соработува со локалните влади, академските институции и производствениот сектор.

## Стратегија

Развојните програми на РЕЦ се направени така што ги помагаат следниве клучни приоритети:

· Учество на јавноста во процесот на донесување одлуки за заштитата на животната средина;

· Соработка помеѓу НВОи, владата, стопанскиот сектор и другите различни интереси;

· Ширење на јавната еколошка свест и образованието;

· Локално решавање на локалните еколошки проблеми;

· Интегрирано решавање на регионалните еколошки проблеми.

Покрај тоа, програмите на РЕЦ потпомагаат индивидуалци и организации кои развиваат или спроведуваат решавање на еколошките проблеми во регионот.

РЕЦ е присутен во Република Македонија со свој координатор од јуни 1993 година.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија официјално ја започна својата работа во јануари 1995 година.







РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
*за Централна и Источна Европа*
Канцеларија во Македонија

ул. “Илинденска“ бр. 118
1000 Скопје

телефон: (02) 3090 135
(02) 3090 136
факс: (02) 3088 193

e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

*Прима:*